**Проект: Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва**

**Советување на тема „Видови доверители и нивните права во стечајната постапка - нормативни аспекти и судска практика"**

На 22. Март во Скопје одржано е четвртото советување на тема „Видови доверители и нивните права во стечајната постапка - нормативни аспекти и судска практика„. Советувањето е во рамките на проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва„ реализиран од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија и имплементиран од конзорциум предводен од Pohl Consulting & Associates, во партнерство со Ernst&Young.



Претставниците на Министерството за економија, стечајни судии и судии кои работат на предмети што произлегуваат од стечајната постапка, стечајни управници, правници, како и претставници на други заинтересирани институции имаа можност да ги разгледаат начелата на стечајната постапка кои се однесуваат на процедурите согласно кои

доверителите можат да ги остваруваат своите права, како и правата и обврските на стечаните судии и стечајните управници во овој домен.

На советувањата беше потенцирана потребата од натамошното усогласување на законодавната рамка кај постапките за заштита и сигурност на доверителите, согласно најдобрите практики од земјите-членки на ЕУ. Сето ќе придонесе за натамошно унапредување на системот на стечај и создавање подобри контролни механизми по углед на оние вградени во европските добри практики.

Скопје, 22.03. 2017